**ПРОГРЕС ПЛУС Скопје**
**PROGRES PLUS Skopje**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТ

**Наслов на проектот:** Економска импакт анализа на индустријата за основни метали во Република Македонија

**Автори:** доц. д-р Дарко Лазаров и д-р Митко Кочовски

**Нарачател:** Здружение за економски истражувања и развој Прогрес Плус – Скопје врз база на потреба и барање од Стопанска Комора на Македонија

**Скопје, 2015**

Проектот се состои од два дела. **Првиот дел** се однесува на **економска импакт анализа на индустријата за основни метали** со цел квантификација на економски импакт (влијание) на индустријата за основни метали врз македонската економија гледани низ призмата на учеството во креирање на БДП, релативното учество во извозот, вработените што оваа индустрија ги генерира, даночните плаќања и сл.

*Резултатите од истражувањето покажуваат дека оваа индустрија има значителен придонес за македонската економија гледони низ сите показатели*. Имено, компаниите во овој сектор директно или преку мултипликативните ефекти креираат 5% од БДП на земјата, имаат повеќе од 15% релативно учество во вкупниот извоз, вработуваат повеќе од 15.000 вработени, имаат повеќе од 1% учество во даночните приходи, и компаниите во овие сектори се значително инвловирани во огромен број на проекти кои имаат општествен интерес што се потврдува со фактот што поголем број од компаниите во овој сектор имаат добиено голем број на признанија и награди за корпоративна одговорност.

**Вториот дел од проектот** се однесува на **анализа на постоечките производни капацитети и развојни потенцијал на индустријата за основни метали**. Во таа насока, беа направени два типа на анализи:

**1) анализа на постоечките производни перформанси** која се однесуваше на *детално проучување на постоечкиот производен капацитет и степенот на неговата искористеност* и *проекциите за идните трендови на светската побарувачка и ценовните флуктуации на ниво на поединечна фирма од групата на компании кои беа вклучени во истражувањето*, и

**2) анализа на развојните можности** која се однесуваше на *анализа на сетот на производи кои тековно се произведуваат од страна на компаниите во индустрија за основни метали*, *нивниот степен на финализираност и можноста за проширување на тој сет на производи (диверзификација на производниот асортиман на индустријата) и насочување на дел од ресурсите и капацитетите кон производи кои се карактеризираат со повисока додадена вредност (повисок степен на финализација)*. Овде, во најголема мера се мисли на металопреработувачката индустрија каде сетот на производи и можноста за производна диверзификација е значително поголема компарирано со производството на феролегури и индустријата за обоени метали.

Во рамките на оваа анализа, беа земени *две компании, Факом а.д Скопје и РЖ Институт – Скопје како пилот компании на кои беше* **направена детална дијагностика на производните и техничко-технолошките процеси** со цел да се *адресираат тесните грла и да се идентификуваат потребите за технолошки подобрувања со цел зголемување на нивната конкуретност и продуктивност*.

Дополнително, во рамките на проектот беше *спроведено анкетно истражување на компаниите* кои беа вкучени во анализата со цел да се процени нивното мислење за економските и бизнис услови во земјата,

ограничувањата со кои се соочуваат компаниите во нивното работење со цел да бидат идентификувани и адресирани најдистрозивните пречки и бариери со кои се соочува индустријата за основни метали како една од најзначајните индустрии за македонската економија, за понатаму таквите набележани проблеми и ограничувачки фактори да бидат приложени во форма на предлог политики до Владата со цел преку активни индустриски и економски мерки да се креира една поповолна клима за понатамошен развој и прогрес на оваа индустрија.

Резултатите кои беа добиени врз основа на спроведеното анкетно истражување укажуваат дека *компаниите ја оценуваат деловната бизнис клима во Република Македонија како добра, но сепак нивните забелешки одат во насока на третманот што го имаат домашните компании* (особено пристапот на државата кон индустријата за основни метали). Најголемите ограничувања компаниите ги насочуваат кон неквалитетната инфраструктура и ограничениот пристап до финансискиот пазар. Исто така, компании го посочиа ниското технолошко ниво како ограничување за извозната конуретност и можноста за проширување на својот производен асортиман во насока на производи со поголема додадена вредност.

Во тој контекст, нивните препораки се во насока на инвестиции во транспортната инфраструктура (особено железнижката инфраструктура), реализирање на проектот за гасификација со цел обезбедување на поефтин природен гас, и инвестиции во енергетскиот сектор. Кога станува збор за финансискиот сектор, Владата преку финансиска поддршка, гаранции, даночни олеснувања и други мерки треба да го олесни пристапот на компаниите за обезбедување на финансии при реализирање на нови инвестициски проекти кои ќе ја зголемат конкуретноста и извозот на оваа индустрија.

Таквата активна политика на Владата треба да биде насочена кон поддршка на инвестициски проекти кои ќе значат изградба на нови производни капацитет во рамките на металопреработувачката индустрија кои ќе произведуваат и извезуваат производи со поголем степен на финализација преку искористување на постоечките акумулирани компаративни предности на оваа индустрија во Република Македонија, и поддршка во премостување на јазот во координацијата на индустријата за производство и преработка на примарен челик преку заокружување на целиот производен процес од производство на примарен челик до негова финална преработка.